**ПРАВИЛА НА АКЦИЈАТА**

Акција на SoS Redmi Note 15 Серија

Со купување на телефонот Redmi Note 15 Pro/Redmi Note 15 Pro 5G  во периодот од 20.01. до 15.02.2026 година, добивате дополнителен уред Xiaomi Portable Photo Printer 1S + 1 box of Mi Portable Photo Printer Paper, а со купување на телефонот Redmi Note 15 Pro + 5G во истиот период, добивате дополнителен уред Xiaomi Vacuum Cleaner G20 Lite.

За да биде купувањето валидно за остварување на бенефитот, потребно е да биде извршено во малопродажните објекти и онлајн продавниците на овластените партнери на Xiaomi наведени во точка 3 од овие правила.

Акцијата со дополнителен уред се однесува на купување на телефоните Redmi Note 15 Pro, Redmi Note 15 Pro 5G или Redmi Note 15 Pro + 5G во периодот од 20.01. до 15.02.2026 година. Ве молиме да се запознаете со правилата на акцијата SoS Redmi Note 15 Серија (во понатамошниот текст „Правила“) пред купувањето.

1. Организатори на акцијата

Комтрејд Дистрибуција ДООЕЛ, Булевар Киро Глигоров бр. 13, ЕМБС 6257054, ЕДБ MK4030007644770 (во понатамошниот текст „Организатори“) ја организираат акцијата на уредите SoS Redmi Note 15 Серија (во понатамошниот текст „Уред“).

2. Период на валидност на акцијата

На територијата на Република Северна Македонија ќе биде организирана акција на уредите, каде со купување на Redmi Note 15 Pro/Redmi Note 15 Pro 5G  во периодот од 20.01. до 15.02.2026 година, добивате дополнителен уред Xiaomi Portable Photo Printer 1S + 1 box of Mi Portable Photo Printer Paper, а со купување на телефонот Redmi Note 15 Pro + 5G во истиот период, добивате дополнителен уред Xiaomi Vacuum Cleaner G20 Lite., доколку не се исцрпат залихите пред наведениот (планиран) период.

Доколку корисникот во наведениот акциски период купи Redmi Note 15 Pro, Redmi Note 15 Pro 5G или Redmi Note 15 Pro + 5G кај продажните партнери наведени во точка 3 од Правилата и ги исполни сите останати услови дефинирани со овие Правила, ќе добие дополнителен уред Xiaomi Portable Photo Printer 1S + 1 box of Mi Portable Photo Printer Paper или Xiaomi Vacuum Cleaner G20 Lite.

Правото на дополнителен уред Xiaomi Portable Photo Printer 1S + 1 box of Mi Portable Photo Printer Paper или Xiaomi Vacuum Cleaner G20 Lite се остварува со успешна регистрација опишана во точка 5 од овие Правила.

Поимот корисник ги опфаќа физичките и правните лица со престојувалиште, односно регистрирано седиште на територијата на Република Северна Македонија, кои купуваат уред за сопствени потреби, а не за понатамошна препродажба.

3. Овластени Xiaomi партнери

Купувањето на Xiaomi уредите може да се изврши исклучиво кај следните овластени партнери:

- А1 Македонија Дооел Скопје
- Македонски Телеком АД Скопје
- Сетек Се од Техника
- Нептун Македонија Доо Скопје
- Анхоч
- Техномаркет Македонија Дооел Скопје

4. Услови за купување

Акцијата ги опфаќа уредите купени под следните услови:

a. Купувањето е извршено во периодот од 20.01. до 15.02.2026 година.

b. Купувањето е извршено кај еден од овластените партнери на Xiaomi на територијата на Република Северна Македонија наведени во точка 3 од овие Правила.

c. Корисникот успешно ја извршил регистрацијата на купениот уред преку веб-страницата https://registracija.xiaomimkd.mk/, најдоцна до 28.02.2026 година, во согласност со точка 5 од овие Правила.

5. Регистрација на уредот

Предуслов за добивање на дополнителен уред Xiaomi Portable Photo Printer 1S + 1 box of Mi Portable Photo Printer Paper или Xiaomi Vacuum Cleaner G20 Lite е регистрацијата преку веб-страницата https://registracija.xiaomimkd.mk/ во согласност со Правилата на акцијата најдоцна до 28.02.2026 година.

**За физички лица:**

• Име и презиме на корисникот на Уредот
• Контакт e-mail адреса на корисникот на Уредот
• Адреса за испорака на дополнителен уред
• Телефонски број на корисникот на Уредот
• IMEI 1 број на купениот Уред
• Приказ/скенирана фискална сметка / договор
• Број на фискалната сметка
• Датум на фискалната сметка / договорот

**За правни лица:**

• Назив на компанијата
• ЕДБ на компанијата
• Матичен број на компанијата
• Контакт e-mail адреса на компанијата
• Адреса за испорака на дополнителен уред
• Телефонски број на компанијата
• IMEI 1 број на купениот Уред
• Приказ/скенирана сметка / договор или отпремница за купениот Уред
• Датум на сметката / договорот

**По добивањето на уредот, IMEI бројот можете да го пронајдете на следниот начин:**
IMEI 1 (15 цифри) бројот може да се види на задната страна од кутијата под називот IMEI1 или може да се најде во самиот Уред според следниве инструкции:
**(Поставки / За телефонот / Сите спецификации / Статус / IMEI (отвор за SIM: 1)** или со алтернативен метод со внесување на кодот ***#06#** на самиот уред).

**Со потврдата за испраќање на податоците, истите се доставуваат до компанијата ДЕКРА Вработување Дооел Скопје (подизведувач на Организаторот)** со цел проверка дали се исполнети условите наведени во Правилата за да може корисникот да го оствари правото на дополнителен уред. Со тоа, корисникот дава изрична согласност за користење на неговите лични податоци во согласност со Правилникот наведен во долниот дел од овој текст.

**ЗАБЕЛЕШКА:**
Услов за остварување на правото на подароци е успешна пријава на веб-страницата:

https://registracija.xiaomimkd.mk/

6. Испорака на подароци

Корисникот ќе добие дополнителен уред под услов да ја заврши успешната регистрација на https://registracija.xiaomimkd.mk/ во согласност со точка 5 од овие Правила.

Испораката на дополнителен уред ќе биде извршена во рок од 75 дена по добивањето на е-пошта за валидација на доставените податоци, на адресата наведена при регистрацијата, на територијата на Република Северна Македонија. Овој рок може да биде продолжен во случај на вонредни околности, за што купувачот ќе биде известен преку е-пошта.

Испораката на дополнителен уред ќе биде извршена на трошок на ДЕКРА Вработување само при првото испраќање. Во случај на неуспешна испорака, секоја наредна испорака ќе биде на трошок на корисникот или корисникот може лично да го подигне дополнителниот уред на адресата на подизведувачот на Организаторот – **ДЕКРА Вработување Дооел, Црвена Вода 7/1, 1000 Скопје.**

7. Право на измена на акцијата

Xiaomi го задржува правото во секое време да направи измени во овие Правила со обврска да ги објави истите.

Овие Правила се објавени на ден 20.01.2026 година на страната https://registracija.xiaomimkd.mk/ и од тој датум се применуваат.

8. Проблеми со регистрација

За проблеми со регистрација, обратете се на registracija@xiaomimkd.mk или телефонски 076/277817 секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот.

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СОБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Општата правна рамка со која се уредува заштитата на личните податоци е предвидена со Законот за заштита на личните податоци и овој правилник за користење и прилагодување на податоците за приватноста е усогласена со Законот.

**Кој управува со информациите за приватност на оваа страница?**

Податоците за приватност на оваа страница се под контрола на ДЕКРА Вработување Дооел Скопје со седиште во Северна Македонија,со матичен број 6091490 и делува во својство на Управувач со податоците за приватност.

**Какви податоци се собираат на оваа страница?**

Контролорот ќе ги прибира и обработува следните лични податоци:

- име и презиме на корисникот – учесник во акцијата
- e-mail адресата на корисникот – учесник во акцијата (за потребите на доставување на известување за извршена регистрација за учесвто во акцијата)
- Точна адреса и телефонски број на корисникот – учесник во акцијата (за достава на дополнителен уред)
- IMEI или серискиот број на купениот Уред од точка 5 на овие Правила,
- Податоци за купувањето – приказ (Скен) на фискална сметка/испратница за купениот Уред издадена на продажното место при купување на Уредот од точка 5 од овие Правила.
- ЕМБГ на корисникот (за уплата на персонален данок преку ЕПДД)

**Која е целта на собирањето на податоцитете на оваа страница?**

Контролорот ќе ги собира и обработува горенаведените лични податоци исклучиво поради утврдување на исполнетоста на условите за учество во акцијата „**Акциска продажба на уреди од Redmi 15 серија**“ и остварување погодностите, доколку клиентот го остварил правото на истото/ите како и за доставување на уредот на адресата на корисникот кој го пополнува формуларот за апликација. Дополнително, ЕМБГ се користи поради плаќање на персонален данок на корисникот за дополнителниот уред што го добива. Сите други податоци, како што се посетите на оваа страница или други активности нема да се евидентираат.

**Начин на користење на Личните податоци**
Личните податоци собрани врз основа на согласност ќе се користат исклучиво за гореспоменатите потреби на Контролорот, во согласност со Законот за заштита на личните податоци (Законот) и Политиката за приватност на Контролорот приложена подолу.

**Правен основ за обработка на Личните податоци**
Контролорот ги собира и обработува личните податоци врз основа на доброволна согласност на лицето на кое се однесуваат податоците.

**Колку време ќе бидат достапни податоците на оваа страница?**

Личните податоци ќе се чуваат само онолку колку што е потребно за исполнување на наведената цел, а секако не подолго од 6 месеци од датумот на купување.

**Согласност за користење на податоците за приватност**

Со внесување податоци во формуларот за апликација и штиклирање на даденото поле, давате согласност ДЕКРА Вработување Дооел Скопје да управува со Вашите податоци со цел да испрати дополнителен уред на Вашата адреса. Доколку не ја изразите својата согласност за користење на податоците за приватност ДЕКРА Вработување Дооел Скопје нема да може да ја спроведе акциската кампања.

**Како можете да ги избришете внесените податоци од оваа страница?**

Како што беше претходно наведено, Личните податоци ќе се чуваат само онолку колку што е потребно за исполнување на наведената цел, а секако не подолго од 6 месеци од датумот на купување, по што трајно се бришат. Доколку сакате Вашите податоци трајно да се избришат пред истекот на овој период, Ве молиме доставете го вашето барање (со сите податоци што ги внесовте во формуларот за апликација) на адресата за е-пошта - registracija@xiaomimkd.mk